


## НАЗАРЕТ – МЕСТОТО НА ДЕТСТВОТО НА ИСУС ХРИСТОС

**Според монографското дело „Израел и Македонија“ на Славе Катин, а во издание на Книгоиздателството „Македонска искра“, од Скопје и Фондација „Ѓорѓија –Џорџ Атанасоски“ од Прилеп, 2017, 1-376, (на англиски, македонски и хебрејски), авторовото п атувањето во Израел беше дел од неговите посети на педесетина различни земји ширум светот**

Според библиските преданија од Новиот завет за Христовото раѓање и неговото детство, посебен интерес привлекуваат градовите Витлеем и Назарет. Двата града де-нес се под палестинска управа, како автономни територии. Назарет го посетивме еден ден пред новото Господово лето по новиот календар.

Поради целокупните политички сос-тој-би во Израел, посетители и туристи, за жал, имаше малку, речиси како да ги немаше. Затоа немаше тешкотии да се посетат голем број свети места во Израел.

Во непосредна близина на Назарет, се наоѓа Кана Галилејска, каде е лоцирана црквата „Свети Ѓорѓи Галилејски“. Кана значи црква, како и село во Галилеја, близу до Назарет. Тоа е местото каде Господ - Исус Христос ја започнал својата јавна мисија, со при-суството на свадбата на која, откако домаќинот снемал вино, Христос ја претворил во-дата во вино.

Зборот назарет и на арапски и на јудејски значи „заштитник“. Денешнот град На-зарет во времето на Исус Христос бил село, а сега е населено место на Галилејските ри-дови на околу 350 метри надморска височина, близу до трговските патишта кои водат од Јордан-ска-та Долина до Средоземното Море. Овие простори биле освојувани од Македонците, Римјаните, Ара-пи-те и од крстоносците, затоа овде живеат муслимани, православни и римокатолици.







**Пишува: СЛАВЕ КАТИН**